Бр. 07-1153/3-2
11.09.2013
Б и т о л а

| Република Македонија<br>Универзитет "Св. Климент Охридски" - Битола<br>ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ - ПРИЛЕП | | | |
|---|---|---|---|
| ПРИМЕНО: | 19.09.2013 | | |
| Орг. ед. | Број | Прилог | Вредн. |
| 07 | 2137/1 | / | / |

Врз основа на член 52 став 1 алинеа 16 од Законот за високото образование, Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, на 117-та седница одржана на ден 11.09.2013 година, едногласно ја донесе следната

## О Д Л У К А

1. Се усвојува Рефератот на Рецензионата комисија, објавен во Билтенот Бр.376 на Универзитетот „Св. Климент Охридски“-Битола, за избор на наставник од областите ***Економска теорија, Економски развој и друго/Бизнис*** на Економскиот факултет-Прилеп и во звањето ***редовен професор*** се избира ***д-р Мирослав Гвероски,*** за време од пет години.
2. Правата и обврските од работниот однос *д-р Мирослав Гвероски* ги остварува во согласност со Законот за високото образование, Законот за работните односи, друг закон, колективен договор и други акти на Универзитетот и Факултетот, за што соодветен договор ќе склучи со Економскиот факултет-Прилеп.
3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 28.11.2013 година.

## О б р а з л о ж е н и е

Економскиот факултет-Прилеп распиша Конкурс за избор на наставник од областите Економска теорија, Економски развој и друго/Бизнис, кој го објави во дневниот весник „Нова Македонија“ на ден 23/24.05.2013 година.

На Конкурсот се пријавија: вонреден професор д-р Мирослав Гвероски и м-р Марина Петровска.

Наставно-научниот совет на Економскиот факултет-Прилеп, на својата седница одржана на ден 10.06.2013 година, формира Рецензиона комисија за избор на наставник од областите Економска теорија, Економски развој и друго/Бизнис, во состав: ред. проф.д-р Сашо Атанасоски, ред. проф. д-р Јован Пејковски и ред. проф. д-р Димо Димков.

Рецензионата комисија изготви Реферат за избор на наставник од областите Економска теорија, Економски развој и друго/Бизнис, кој беше објавен во Билтенот Бр.376 на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола.

Во својот заклучок и предлог, Рецензионата комисија му предложи на Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола да го избере

проф. д-р Мирослав Гвероски за наставник од областите Економска теорија, Економски развој и друго/Бизнис, во звањето редовен професор.

Врз основа на членот 52 алинеа 16, а во согласност со членот 125 од Законот за високото образование, Универзитетскиот сенат, на 117-та седница одржана на ден 11.09.2013 година, го усвои Рефератот на Рецензионата комисија и го избра проф. д-р Мирослав Гвероски во звањето редовен професор од областите Економска теорија, Економски развој и друго/Бизнис, на Економскиот факултет-Прилеп, а одлучи и по другите точки содржани во изреката на Одлуката.

Во согласност со членот 134 став 1 од Законот за високото образование, (член 16 од Законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование - Сл.весник на РМ бр.17/2011), проф. д-р Мирослав Гвероски е избран во звањето редовен професор за време од пет години.

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 28.11.2013 година, бидејќи Одлуката за избор на д-р Мирослав Гвероски во звањето вонреден професор била донесена на 27.11.2008 година, за време од пет години, па само по истекот на петте години може да се примени Одлуката за избор во повисокото наставно-научно звање редовен професор.

Подготвил и одобрил:
м-р Офелија Христовска

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ" • БИТОЛА • РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Проф. д-р Златко ЖОГЛЕВ,**
**Ректор**